Врз основа на член 40 став (3) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

Програма за образование на возрасните

# **Проценувач за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење**

Скопје, јануари 2026 година

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Назив на програмата за образование на возрасните** | **Проценувач за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење** |
| 2 | **Вкупен број на часови на учење** (теорија и пракса) | 30 часа (12 часа теоретска настава, 15 часа практична настава и 3 часа за оценување ) |
| 3 | **Критериуми за упис на учесникот во програмата** | - да има завршено образование согласно нормативот за наставен кадар од соодветниот сектор, односно квалификација;<br>- да има најмалку три години работно искуство во:<br>❖ образованието како наставен кадар и/или<br>❖ работно искуство во реален сектор<br>- да има искуство во спроведување или учество во активности поврзани со:<br>❖ учење и обука на возрасни лица,<br>❖ едукација или поддршка на развој на знаења и вештини. |
| 4 | **Вид на јавна исправа која ја стекнува учесникот** | Сертификат за завршена посебна програма „Проценувач за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење“ |

## I. ОПИС, МОДУЛИ, МОДУЛАРНИ ЕДИНИЦИ, РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО, РЕСУРСИ ЗА ПРОГРАМАТА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Опис на програмата** | Главната цел на програмата е оспособување на стручни лица за професионално, објективно, етичко и квалитетно спроведување на процесот на проценка во рамките на валидацијата на неформално образование и информално (искуствено) учење, преку примена на соодветни методи, алатки и критериуми за вреднување на компетенциите на кандидатите во согласност со националната и европската рамка за валидација (ВНОИУ).<br>Програмата овозможува унапредување на капацитетите на стручните лица кои се или ќе бидат вклучени во процесот на проценка, при што ќе се обезбеди висок квалитет, транспарентност и кредибилитет на постапките за проценка на ВНОИУ, како и понатамошен развој на системот за валидација на национално ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Намената на оваа програма за обука е да ја олесни работата и да ги унапреди способностите на проценувачите во процесот на ВНОИУ, да обезбеди висококвалитетни, објективни и стандардизирани процедури за проценка на резултатите од претходното учење и да го зајакне разбирањето на ВНОИУ како индивидуален, независен и ориентиран процес кон кандидатот.<br>Програмата им обезбедува на учесниците холистички преглед на процесот на валидација од европска и национална перспектива, со јасен фокус на улогата на проценувачот во различни контексти, соработка со советници, институции и други релевантни чинители.<br>Преку оваа програма се истакнуваат различните можности за примена на валидацијата во различни сектори и за различни целни групи, при што валидацијата се позиционира како клучна алатка за развој на компетенции, вработливост, доживотно учење и кариерно насочување.<br>Програмата обезбедува современи алатки, методи и ажурирани информации за развојот на ВНОИУ и го поврзува процесот на проценка како интегрален дел од системот на доживотно учење.<br><br>**Стручни компетенции**<br>По завршување на програмата, учесникот ќе биде оспособен за:<br>• применување на законската, институционалната и методолошката рамка за проценка во процесот на ВНОИУ;<br>• планирање и спроведување на проценка на компетенции стекнати преку неформално и информално (искуствено) учење;<br>• анализирање, верификување и вреднување на портфолио со докази за претходно учење;<br>• применување соодветни методи и алатки за проценка (интервјуа, практични задачи, симулации, тестови, набљудување и сл.);<br>• донесување објективни одлуки за признавање на резултатите од учењето согласно утврдени стандарди;<br>• комуницирање и соработка со советници за валидација, институции и други релевантни учесници;<br>• следење, анализирање и унапредување на квалитетот на процесот на проценка во ВНОИУ.<br><br>**Резултати од учењето**<br>По завршување на програмата, учесникот ќе биде способен да:<br>• примени процес на проценка во рамките на валидацијата на неформално образование и информално учење;<br>• планира и реализира објективна и транспарентна проценка на компетенции; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • анализира и вреднува портфолио со релевантни и валидни докази;<br>• користи соодветни методи и алатки за проценка согласно природата на компетенциите;<br>• соработува со сите релевантни засегнати страни во процесот на ВНОИУ;<br>• придонесе кон развој на квалитетен, кредибилен и одржлив систем за валидација.<br><br>**Времетраење на програмата**<br>Вкупното времетраење на програмата изнесува **30 часа**, од кои:<br>• **12 часа теоретска настава**<br>• **15 часа практична работа, симулации и менторирана примена во процес на проценка**<br>• **3 часа за оценување**<br>**Начин на реализација**<br>Програмата се реализира преку:<br>• интерактивна настава;<br>• работилници и групна работа;<br>• студии на случај;<br>• практична и симулациска работа;<br>**Назив на сертификат**<br>По успешно завршување на програмата се издава сертификат со назив:<br>**„Проценувач за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ)“** |
| **2** | **Максимален број на учесници по група** | 20 учесници |

| **3.** | **План на програмата** | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Модули** | **теоретска настава** | **практична настава** |
| 1. | **Модул 1: Ориентација кон валидацијата на неформалното образование и искуственото (информалното) учење (ВНОИУ)** | 4 | 5 |
| 2. | **Модул 2: Улога на проценувачот во процесот на валидација на неформалното и информалното учење** | 4 | 5 |
| 3. | **Модул 3: Општи компетенции на проценувачот во процесот на (ВНОИУ)** | 4 | 5 |
| **Вкупно** | | **12** | **15** |
| **Вкупно (вкупно часови теоретска и практична настава)** | | **27** | |
| **Часови за оценување** | | 3 | |

| Вкупно часови | | | 30 | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **План за учење (Модули / Модуларни единици / резултати од учењето / Критериуми за оценување)** | | | |
| **Модул 1: Ориентација кон валидацијата на неформалното образование и искуственото (информалното) учење** | | | **Часови со теоретска настава** | **4** |
| | | | **Часови со практична настава** | **5** |

| **Модуларна единица** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** |
|---|---|---|
| 1.1. Концепт, цели и процес на валидација на неформалното образование и информалното учење | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>1.1.1. **презентира** концепт, цел и значење на валидацијата на неформалното и информалното (искуствено) учење (ВНОИУ) како дел од системот на доживотно учење; | **Учесникот може да:**<br>1.1.1.1. објаснува цели и карактеристики на ВНОИУ;<br>1.1.1.2. опишува основни фази и принципи на процесот на ВНОИУ;<br>1.1.1.3. истакнува значење на ВНОИУ во контекст на доживотно учење. |
| | 1.1.2. **анализира** формално образование, неформално образование и информално учење во однос на нивната улога и применливост во процесот на ВНОИУ; | 1.1.2.1. разликува формално и неформално образование и информално учење;<br>1.1.2.2. споредува различни форми на учење според начинот на стекнување и признавање;<br>1.1.2.3. наведува примери за улогата на различни форми на учење;<br>1.1.2.4. прикажува применливост на формалното и неформалното образование и информално учење во процесот на ВНОИУ. |
| | 1.1.3. **применува** соодветна терминологија поврзана со ВНОИУ во професионален и институционален контекст; | 1.1.3.1. наведува клучни поими и термини поврзани со ВНОИУ;<br>1.1.3.2. користи стандардизирана терминологија во усна и писмена комуникација;<br>1.1.3.3. објаснува значење на термините во однос на процесот на валидација. |
| | 1.1.4. **анализира и евалуира** придобивки, | 1.1.4.1. систематизира придобивки од ВНОИУ за |

| | | |
|---|---|---|
| | ограничувања и предизвици на процесот на ВНОИУ за поединците и системот; | поединци, институции и општество;<br>1.1.4.2. идентификува ограничувања и потенцијални ризици во процесот;<br>1.1.4.3. аргументира влијание на предизвиците врз квалитетот и кредибилитетот на ВНОИУ;<br>1.1.4.4. наведува можности за надминување на идентификуваните ограничувања. |
| | 1.1.5. **аргументира** улоги и одговорности на клучните чинители во процесот на ВНОИУ**;** | 1.1.5.1. идентификува клучни чинители во процесот на ВНОИУ;<br>1.1.5.2. разликува улоги и одговорности на советник, проценувач и институции;<br>1.1.5.3. истакнува значење на меѓусебната соработка, распределбата на одговорности и координацијата меѓу чинителите. |
| | 1.1.6. **следи** развој и придонес на ВНОИУ од национална и европска перспектива**.** | 1.1.6.1. опишува основни европски и национални насоки за развој на ВНОИУ;<br>1.1.6.2. поврзува ВНОИУ со политики за доживотно учење и квалификациски рамки;<br>1.1.6.3. анализира придонес на ВНОИУ за мобилност и вработливост;<br>1.1.6.4. евалуира улога на ВНОИУ како алатка за признавање на компетенции. |
| 1.2. Национални и европски системи за ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>1.2.1. **анализира** процес на ВНОИУ на разни национални и европски системи**,** во однос на структурата, институционалната поставеност и принципите; | **Учесникот може да:**<br>1.2.1.1 споредува национални и европски системски решенија за ВНОИУ;<br>1.2.1.2 опишува принципи, структура и функционални елементи на системите за ВНОИУ;<br>1.2.1.3 интерпретира улога на институциите во |

| | | |
|---|---|---|
| | | управување со процесот на ВНОИУ. |
| | 1.2.2. **споредува** фази на процесот на ВНОИУ од перспектива на различни засегнати страни во рамките на различни системски поставености; | 1.2.2.1. анализира фази на ВНОИУ од перспектива на кандидат, советник, проценувач, институција и работодавач;<br>1.2.2.2. разликува пристапи и практики во рамките на националните и европските системи;<br>1.2.2.3. проценува влијание на различните перспективи врз ефективноста на процесот. |
| | 1.2.3. **систематизира** улоги, обврски и одговорности на засегнатите страни во националните и европските системи за ВНОИУ; | 1.2.3.1. идентификува засегнати страни во системите за ВНОИУ;<br>1.2.3.2. анализира улоги, обврски и одговорности на различни системи за ВНОИУ;<br>1.2.3.3. прикажува распределба на одговорности во однос на принципите на квалитет и транспарентност;<br>1.2.3.4. аргументира потреба од јасна институционална координација. |
| | 1.2.4. **позиционира** процес на ВНОИУ во контекст на доживотното учење и кариерното насочување согласносистемските решенија; | 1.2.4.1. поврзува ВНОИУ со принципите на доживотно учење;<br>1.2.4.2. објаснува улога на ВНОИУ во кариерно насочување и професионален развој;<br>1.2.4.3. наведува придонес на системите за ВНОИУ за флексибилни патеки на учење и вработливост. |
| | 1.2.5. **интерпретира** развој на европските | 1.2.5.1. идентификува клучни европски политики, |

| | | |
|---|---|---|
| | политики и практики и нивното влијание врз националниот систем за ВНОИУ. | препораки и иницијативи поврзани со ВНОИУ;<br>1.2.5.2. истакнува трендови и развојни насоки во европските системи за ВНОИУ;<br>1.2.5.3. интерпретира влијание на европските практики врз националниот систем;<br>1.2.5.4. истакнува значење на усогласувањето со европските системи и пристапи. |
| 1.3. Обезбедување квалитет во процесот на ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>1.3.1. **постапува** професионално во улога на проценувач, во согласност со договорените механизми за обезбедување квалитет во системот на ВНОИУ; | **Учесникот може да:**<br>1.3.1.1. запазува утврдени професионални и етички стандарди за проценувачи;<br>1.3.1.2. применува договорени процедури и правила за обезбедување квалитет во процесот на проценка;<br>1.3.1.3. почитува принципи на, транспарентност, одговорност, непристрасност и доверливост во проценката. |
| | 1.3.2. **применува** механизми за обезбедување квалитет поврзани со процесот на ВНОИУ, со посебен акцент на фазата на проценка; | 1.3.2.1. идентификува релевантни механизми за обезбедување квалитет во ВНОИУ;<br>1.3.2.2. користи механизми во различни фази на процесот, со фокус на проценката;<br>1.3.2.3. оценува ефективност на механизмите за обезбедување квалитет од аспект на улогата на проценувачот. |
| | 1.3.3. **користи** соодветни алатки и процедури за гаранција на квалитет, со цел обезбедување објективен, транспарентен и кредибилен процес на проценка. | 1.3.3.1. избира соодветни алатки за гаранција на квалитет во процесот на проценка;<br>1.3.3.2. применува алатки и процедури за обезбедување конзистентност и објективност;<br>1.3.3.3. придонесува кон висококвалитетен процес на ВНОИУ преку систематска примена на механизмите за квалитет. |

<table>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Модул 2: Улога на проценувачот во процесот на валидација на неформалното и информалното учење</td><td>Часови со теоретска настава</td><td>4</td></tr>
<tr><td>Часови со практична настава</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Модуларна единица</td><td>Резултати од учењето</td><td colspan="2">Критериуми за оценување</td></tr>
<tr><td rowspan="3">2.1. Самоевалуација и примена на сопствените компетенции</td><td>Учесникот ќе биде способен да:<br>2.1.1. анализира и развива сопствени компетенции за проценка, во согласност со барањата на улогата проценувач во процесот на ВНОИУ;</td><td colspan="2">Учесникот може да:<br>2.1.1.1. систематизира сопствени знаења, вештини и компетенции релевантни за проценувач;<br>2.1.1.2. идентификува потреби за професионален развој во однос на различни фази на процесот на ВНОИУ;<br>2.1.1.3. планира активности за унапредување на сопствените компетенции за проценка.</td></tr>
<tr><td>2.1.2. применува самоевалуација како алатка за подобрување на квалитетот на сопствената работа и за поддршка на процесот на валидација на претходното учење;</td><td colspan="2">2.1.2.1. самоевалуира сопствена работа;<br>2.1.2.2. евалуира сопствено постапување во процесот на проценка во однос на квалитет, објективност и етичност;<br>2.1.2.3. користи резултати од самоевалуацијата за подобрување на проценката.</td></tr>
<tr><td>2.1.3. интерпретира импликации и развојни насоки од националните и европските политики врз сопствениот професионален ангажман и работните активности како проценувач.</td><td colspan="2">2.1.3.1. прикажува клучни национални и европски политики релевантни за ВНОИУ и нивно влијание врз националниот систем за ВНОИУ;<br>2.1.3.2. наведува импликации на политиките врз сопствените работни задачи како проценувач;<br>2.1.3.3. усогласува сопствено постапување со актуелните системски и политички насоки.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| 2.2. Процес на оценување во ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>2.2.1. **применува** процес на оценување на ВНОИУ во практична средина, во согласност со улогата на проценувач; | **Учесникот може да:**<br>2.2.1.1. објаснува фази на процесот на оценување во ВНОИУ;<br>2.2.1.2. запазува утврдени чекори на проценка во реални ситуации;<br>2.2.1.3. интегрира теоретски знаења во реална проценувачка практика. |
| | 2.2.2. **постапува** согласно законската и подзаконската регулатива и механизмите за обезбедување квалитет релевантни за процесот на ВНОИУ; | 2.2.2.1. запазува релевантни закони, подзаконски акти и интерни процедури;<br>2.2.2.2. изведува работи во согласност со механизмите за обезбедување квалитет. |
| | 2.2.3. **спроведува** процес на проценка на компетенциите на кандидатот, во согласност со утврдени стандарди и процедури; | 2.2.3.1 проценува компетенции во рамките на својата улога;<br>2.2.3.2 документира резултати од процесот ВНОИУ;<br>2.2.3.3 донесува аргументирани проценувачки заклучоци согласно критериуми и стандарди. |
| | 2.2.4. **врши приспособување** на сопствените работни методи и работната средина во согласност со националните и каде што е применливо, европските препораки; | 2.2.4.1. прилагодува работни методи и алатки на специфичниот контекст на проценката;<br>2.2.4.2. усогласува работна средина со национални и европски препораки, кога тоа е применливо;<br>2.2.4.3. евалуира сопствена практика во однос на системските насоки. |
| | 2.2.5. **дава** стручни насоки и совети за спроведување на процесот на ВНОИУ, вклучувајќи и соработка со различни учесници; | 2.2.5.1. проследува јасни и стручни насоки за спроведување на процесот на ВНОИУ;<br>2.2.5.2. комуницира ефективно со други чинители во различни улоги;<br>2.2.5.3. поддржува координирано и квалитетно спроведување на процесот. |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.2.6. **определува** ниво и обем на компетенции потребни во професионалната област на кандидатот; | 2.2.6.1. идентификува релевантни компетенции во професионалната област на кандидатот;<br>2.2.6.2. утврдува ниво на компетенции во однос на стандарди и резултати од учење;<br>2.2.6.3. анализира усогласеност на докажаните компетенции со барањата на професијата. |
| | 2.2.7. **применува** соодветни методи, алатки и пристапи за оценување, во зависност од контекстот и целите на проценката. | 2.2.7.1 избира соодветни методи и алатки за оценување;<br>2.2.7.2 применува различни пристапи за проценка во зависност од контекстот;<br>2.2.7.3 евалуира соодветност и ефективност на применетите методи. |
| 2.3. Континуиран професионален саморазвој на проценувачот во ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>2.3.1. **анализира** влијание на процесот на ВНОИУ врз сопствениот професионален развој и работен контекст; | **Учесникот може да:**<br>2.3.1.1. согледува сопствен професионален развој поради учеството во процесот на ВНОИУ;<br>2.3.1.2. интерпретира влијание на ВНОИУ врз сопствениот работен контекст;<br>2.3.1.3. наведува професионални предизвици и можности за унапредување. |
| | 2.3.2. **користи** процес на ВНОИУ како алатка за унапредување на сопствените професионални компетенции; | 2.3.2.1. анализира придонес на ВНОИУ за развој на професионалните компетенции;<br>2.3.2.2. користи искуства од процесот на ВНОИУ за подобрување на сопствената практика;<br>2.3.2.3. планира активности за личен и професионален развој. |
| | 2.3.3. **применува** национални и европски упатства и препораки за континуиран професионален развој во улогата на проценувач; | 2.3.3.1. идентификува релевантни национални и европски упатства за професионален развој;<br>2.3.3.2. селектира препораки во сопствените работни процеси; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2.3.3.3. усогласува сопствена практика со актуелни развојни насоки. |
| | 2.3.4. **користи** повратни информации од кандидати, колеги и други чинители за унапредување на сопствените работни методи; | 2.3.4.1. собира и класифицира повратни информации од кандидати, колеги и други чинители;<br>2.3.4.2. приспособува работни методи врз основа на анализата на повратните информации;<br>2.3.4.3. оценува ефекти од воведените подобрувања. |
| | 2.3.5. **аргументира** предлози за измена и подобрување на процесот на ВНОИУ, врз основа на проценки, повратни информации и практично искуство. | 2.3.5.1. дава предлози за подобрување на ВНОИУ;<br>2.3.5.2. искажува оправданост на предлозите согласно аналитичките показатели од податоците, искуството и повратните информации. |
| **Модул 3: Општи компетенции на проценувачот во процесот на (ВНОИУ)** | | **Часови со теоретска настава** 4<br>**Часови со практична настава** 5 |
| **Модуларна единица** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** |
| 3.1. Комуникација во процесот на ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.1.1. **применува** разновидни комуникациски техники соодветни на различните фази од процесот на ВНОИУ; | **Учесникот може да:**<br>3.1.1.1. избира комуникациски техники соодветни на фазата на ВНОИУ;<br>3.1.1.2. приспособува стил на комуникација според контекстот и целната група;<br>3.1.1.3. евалуира ефективност на применетите комуникациски техники. |
| | 3.1.2. **информира** за процесот на ВНОИУ на јасен, структуриран и разбирлив начин за различни целни групи; | 3.1.2.1. структурира информации за процесот на ВНОИУ;<br>3.1.2.2. проследува информации јасно, логично и разбирливо;<br>3.1.2.3. користи соодветни комуникациски |

| | | |
|---|---|---|
| | | средства за поддршка на поракката. |
| | 3.1.3. **проследува** повратни информации во врска со резултатите од проценката; | 3.1.3.1. дава конструктивни, јасни и аргументирани повратни информации;<br>3.1.3.2. применува принципи на објективност и почитување при соопштување резултати;<br>3.1.3.3. објаснува излезни резултати од проценката на кандидати. |
| | 3.1.4. **комуницира** ефикасно со поединци и групи, во согласност со принципите на инклузивност и почитување; | 3.1.4.1. обезбедува услови за ефикасна комуникација;<br>3.1.4.2. применува техники за активно слушање;<br>3.1.4.3. управува со комуникациски предизвици во процесот на ВНОИУ. |
| | 3.1.5. **применува** техники на интервјуирање за прибирање и разјаснување на информации поврзани со докази и методи на работа на кандидатот. | 3.1.5.1. одредува соодветни техники на интервјуирање;<br>3.1.5.2. поставува релевантни и целисходни прашања;<br>3.1.5.3. анализира добиени информации во однос на доставените докази;<br>3.1.5.4. аргументира применети методи на работа. |
| 3.2. ВНОИУ како услуга ориентирана кон кандидатот | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.2.1. разликува валидација за поединци, за компании и за институции; | **Учесникот може да:**<br>3.2.1.1. објаснува ВНОИУ како услуга;<br>3.2.1.2. наведува опфат на валидирање за поединци;<br>3.2.1.3. прикажува ВНОИУ како услуга за компании и институции. |
| | 3.2.2. презентира форми на услугата ВНОИУ; | 3.2.2.1. реализира индивидуално советување и кариерно водење;<br>3.2.2.2. креира портфолио за валидација;<br>3.2.2.3. проценува успешност на валидацијата;<br>3.2.2.4. наведува дигитални платформи за валидација;<br>3.2.2.5. дизајнира сертификати усогласени со |

| | | |
|---|---|---|
| | | национални или европски рамки. |
| | 3.2.3. истакнува важност на ВНОИУ услугата; | 3.2.3.1. аргументира признавање реални знаења, не само дипломи;<br>3.2.3.2. акцентира зголемување на вработливоста;<br>3.2.3.3. поддржува доживотно учење;<br>3.2.3.4. истакнува важност на ВНОИУ услугата за:<br>- возрасни без формално образование;<br>- мигранти;<br>- лица со долгогодишно работно искуство;<br>- ИТ, занаетчиски и услужни дејности. |
| | 3.2.4. анализира можни предизвици на услугата за ВНОИУ. | 3.2.4.1. сугерира предлози за подобрување на правната рамка;<br>3.2.4.2. нагласува важност од (не)доверба на работодавачите;<br>3.2.4.3. истакнува потреба од обучени оценувачи;<br>3.2.4.4. илустрира стандардизација на критериуми. |
| 3.3 Пазар на трудот, квалификации и ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.3.1. **поврзува** случувања на пазарот на трудот и квалификациската рамка со процесот на ВНОИУ; | **Учесникот може да:**<br>3.3.1.1. следи трендови и промени на пазарот на трудот;<br>3.3.1.2. анализира барања за вештини и квалификации во различни сектори;<br>3.3.1.3. поврзува развој на пазарот на трудот со можностите што ги нуди ВНОИУ;<br>3.3.1.4. интерпретира улога на ВНОИУ како одговор на потребите на пазарот на трудот. |
| | 3.3.2. **обезбедува** релевантни и ажурирани информации за стандарди, барања за работа и барања за квалификација во | 3.3.2.1. идентификува релевантни професионални и квалификациски стандарди; |

| | | |
|---|---|---|
| | одредена професија или сектор; | 3.3.2.2. наведува барања за работа и квалификации во дадена професија или сектор;<br>3.3.2.3. применува информации за стандарди при насочување и информирање на кандидати;<br>3.3.2.4. усогласува информации со националната квалификациска рамка и системот на ВНОИУ. |
| | 3.3.3. **користи** јасни и разбирливи информации за целите, процедурите и процесите на ВНОИУ во контекст на пазарот на трудот. | 3.3.3.1. презентира цели, процедури и процеси на ВНОИУ во контекст на вработливост и кариерен развој;<br>3.3.3.2. приспособува комуникација според профилот на кандидатот и секторот;<br>3.3.3.3. поврзува процесот на ВНОИУ со можностите на пазарот на трудот. |
| 3.4. Проценка на портфолиото во процесот на ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.4.1. **спроведува** структурирана и систематска проценка на портфолио со докази доставени од кандидатот; | **Учесникот може да:**<br>3.4.1.1. структурира процес на проценка на портфолио;<br>3.4.1.2. применува утврдени чекори и процедури при проценка;<br>3.4.1.3. документира наоди од анализата на портфолиото. |
| | 3.4.2. **споредува** прикажани докази со релевантни професионални стандарди или стандарди на квалификации; | 3.4.2.1. идентификува релевантни професионални или квалификациски стандарди;<br>3.4.2.2. споредува доставени докази со барањата на стандардите;<br>3.4.2.3. анализира усогласеност на доказите со очекуваните резултати од учење. |
| | 3.4.3. **проценува** соодветност на докази во | 3.4.3.1. диференцира актуелност, автентичност, |

| | | |
|---|---|---|
| | однос на актуелност, автентичност, релевантност, варијација и квалитет; | релевантност, варијација и квалитет на доказите;<br>3.4.3.2. утврдува дали доказите се доволни за проценка;<br>3.4.3.3. аргументира потреба од дополнителни докази, доколку е применливо. |
| | 3.4.4. **утврдува** дека доставените докази потекнуваат од сопствената работа и искуство на кандидатот; | 3.4.4.1. проверува потекло и сопственост на доказите;<br>3.4.4.2. анализира информации за да утврди дали доказите се резултат на сопствената работа на кандидатот;<br>3.4.4.3. постапува согласно принципите на интегритет и доверливост. |
| | 3.4.5. **поврзува** докази со компетенции, вклучително и основните компетенции, користејќи соодветни алатки; | 3.4.5.1. поврзува докази со специфични компетенции;<br>3.4.5.2. користи соодветни алатки за мапирање на докази;<br>3.4.5.3. идентификува врска помеѓу доказите и основните компетенции. |
| | 3.4.6. **донесува** конзистентни, фер, валидни и сигурни одлуки за компетентноста на кандидатот, исклучиво врз основа на договорените стандарди и сите релевантни докази. | 3.4.6.1. споредува докази со стандарди за занимање или обука;<br>3.4.6.2. донесува конзистентни и непристрасни проценувачки одлуки;<br>3.4.6.3. аргументира одлуки врз основа на сите релевантни докази за перформансите и знаењето на кандидатот;<br>3.4.6.4. обезбедува валидност и сигурност на одлуките за компетентност. |
| | | |
| 3.5. Организирање и спроведување на процеси на практично оценување во | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.5.1. **подготвува** процес на проценка според | **Учесникот може да:**<br>3.5.1.1. планира активности и временска рамка за |

| | | |
|---|---|---|
| ВНОИУ | договорените процедури и улоги; | проценката;<br>3.5.1.2. организира ресурси, улоги и услови за практично оценување;<br>3.5.1.3. документира тек и резултати од процесот на проценка. |
| | 3.5.2. **реализира** процес на практично оценување восогласност со упатствата за ВНОИУ и механизмите за обезбедување квалитет; | 3.5.2.1. применува утврдени упатства за практично оценување;<br>3.5.2.2. постапува согласно механизмите за обезбедување квалитет;<br>3.5.2.3. обезбедува усогласеност на процесот со принципите на ВНОИУ. |
| | 3.5.3. **проценува** практична компетентност и искуството на кандидатот во однос на релевантни формални квалификации и/или професионални стандарди; | 3.5.3.1. валидира практични изведби и работно искуство на кандидатот;<br>3.5.3.2. споредува резултати од проценката со формални квалификации и/или професионални стандарди;<br>3.5.3.3. идентификува достигнати и недостасувачки компетенции. |
| | 3.5.4. **обезбедува** конструктивни, јасни и мотивирачки повратни информации за резултатите од практичната проценка; | 3.5.4.1. дава конструктивни и охрабрувачки повратни информации;<br>3.5.4.2. дефинира силни страни и области за подобрување;<br>3.5.4.3. поттикнува активно учество и саморефлексија кај кандидатот. |
| | 3.5.5. **одлучува** за доволноста на доказите за компетентност запазувајќи транспарентност; | 3.5.5.1. донесува образложени одлуки за доволноста на доказите;<br>3.5.5.2. аргументира одлуки врз основа на утврдени критериуми;<br>3.5.5.3. комуницира транспарентно резултати и заклучоци. |
| | **3.5.6.** **поддржува** кандидатите кај кои се | 3.5.6.1. советува кандидати за можности за развој |

| | | |
|---|---|---|
| | утврденинедостасувачки компетенции, преку совети и насоки за понатамошен развој; | на недостасувачки компетенции;<br>3.5.6.2. предлага начини за дополнително учење или обезбедување докази;<br>3.5.6.3. поддржува реалистично планирање на понатамошни чекори. |
| | **3.5.7. предлага** реализација на следни чекори во процесот на ВНОИУ, во согласност со резултатите од проценката; | 3.5.7.1. идентификува соодветни следни чекори во процесот на ВНОИУ;<br>3.5.7.2. договара активности со кандидатот согласно резултатите од проценката;<br>3.5.7.3. обезбедува континуитет и јасност во процесот. |
| | 3.5.8. **соработува** со ко-проценувачи и релевантни тела за постигнување консензус и известување за излезните резултати од проценката. | 3.5.8.1. консултира ко-проценувачи за резултатите од проценката;<br>3.5.8.2. усогласува заклучоци преку професионален дијалог;<br>3.5.8.3. информира надлежни тела за резултатот од проценката, согласно утврдените процедури. |
| 3.6. Кодекс на однесување и професионална етика на проценувачот | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.6.1. **одржува** професионален однос кон кандидатот и процесот на ВНОИУ како целина; | **Учесникот може да:**<br>3.6.1.1. демонстрира саморегулација и професионален однос кон кандидатот;<br>3.6.1.2. препознава сопствени ставови и можни пристрасности;<br>3.6.1.3. прилагодува однесување согласно принципите на ВНОИУ. |
| | 3.6.2. **применува** принципи на еднаквост, недискриминација и почитување на различноста во сите фази од процесот на проценка; | 3.6.2.1. почитува културна, социјална и индивидуална различност;<br>3.6.2.2. применува инклузивен и пристап на почитување во комуникацијата;<br>3.6.2.3. придонесува за позитивна и доверлива работна клима. |
| | 3.6.3. **одржува** неутрална и непристрасна | 3.6.3.1. покажува објективност и непристрасност |

| | | |
|---|---|---|
| | позиција при донесување одлуки за компетентност; | во текот на целиот процес на оценување;<br>3.6.3.2. избегнува конфликт на интереси и влијание врз одлуките;<br>3.6.3.3. донесува одлуки врз основа на договорени критериуми и докази. |
| | 3.6.4. **креира** поддржувачка и охрабрувачка средина за оценување, во која кандидатот се чувствува сигурно и почитувано; | 3.6.4.1. создава безбедна и охрабрувачка средина за проценка;<br>3.6.4.2. поттикнува отворена комуникација и самодоверба кај кандидатот;<br>3.6.4.3. реагира професионално во ситуации на стрес или несигурност. |
| | 3.6.5. **постапува** согласно професионалната етика и кодексот на однесување на проценувачот во ВНОИУ. | 3.6.5.1 запазува принципи и правила утврдени во кодексот на однесување;<br>3.6.5.2 применува етички стандарди во секојдневната практика;<br>3.6.5.3 презема одговорност за сопственото професионално постапување. |
| 3.7. Процедури за следење и унапредување на процесот на ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.7.1. **спроведува** процедури за следење во однос на резултатите од проценката во процесот на ВНОИУ; | **Учесникот може да:**<br>3.7.1.1. реализира активности за следење по завршување на проценката;<br>3.7.1.2. поврзува резултати од проценката со утврдените процедури за ВНОИУ;<br>3.7.1.3. документира наоди од следењето. |
| | 3.7.2. **објаснува** на кандидатот можни понатамошни чекори во зависност од позитивните или негативните резултати од проценката; | 3.7.2.1. наведува идни можни чекори при позитивни или негативни резултати од проценката;<br>3.7.2.2. комуницира реално и разбирливо со кандидатот;<br>3.7.2.3. поддржува информирано донесување одлуки од страна на кандидатот. |
| | 3.7.3. **одржува** професионална и објективна состојба при постапување по жалби и приговори; | 3.7.3.1. постапува објективно и непристрасно во случаи на жалби;<br>3.7.3.2. запазува утврдени процедури и рокови;<br>3.7.3.3. одржува професионален однос со сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | вклучени страни. |
| | 3.7.4 **собира и анализира** повратни информации за постапката на оценување; | 3.7.4.1. собира повратни информации од кандидати и релевантни чинители;<br>3.7.4.2. анализира квалитативни и квантитативни податоци за постапката;<br>3.7.4.3. идентификува силни страни и области за подобрување. |
| | 3.7.5. **презема** мерки за унапредување на постапката за ВНОИУ врз основа на повратни информации и сопствени професионални набљудувања; | 3.7.5.1. предлага конкретни мерки за унапредување на ВНОИУ;<br>3.7.5.2. подобрува ВНОИУ врз основа на анализи и искуство;<br>3.7.5.3. придонесува за континуиран развој на процесот на ВНОИУ. |
| | 3.7.6. **анализира** статистички податоци за резултатите од процесот на ВНОИУ. | 3.7.6.1. собира релевантни статистички податоци;<br>3.7.6.2. обработува и анализира резултати од процесот на ВНОИУ;<br>3.7.6.3. извлекува заклучоци релевантни за квалитетот и ефектите на процесот. |

| **5.** | **Форми на спроведување на процесот на настава и учење** | | |
|---|---|---|---|
| **Форми на спроведување** | **Модул 1** | **Модул 2** | **Модул 3** |
| Настава во училница/кабинет | x | x | x |
| Практична настава | x | x | x |
| Комбинирано учење | | | |
| Е-учење | | | |
| Настава на далечина | x | x | x |
| **6.** | **Методи на настава и учење** | | |
| **Метод** | | | |
| Предавање | **x** | **x** | **x** |
| Дискусии во група | **x** | **x** | **x** |
| Набљудување | **x** | **x** | **x** |
| Истражување/Откривање | **x** | **x** | **x** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учење преку симулации | | x | x | x |
| Учење насочено кон решавање на проблеми | | x | x | x |
| Практична настава во училница/кабинет | | x | x | x |
| Обука на работното место | | x | x | x |
| Индивидуална настава | | | | |
| Самонасочено учење | | x | x | x |
| Посети/Студиски патувања | | x | x | x |
| Друго (ве молиме наведете): | | прашања и одговори | работа со портфолио | развоен проект |
| 7. | **Ресурси / опрема за настава и учење** | Целосен пакет наставни материјали, вклучувајќи работилници и материјали за самостојно учење (дополнително читање), како и аудио-визуелни средства и ИТ опрема. | | |
| 8. | **Наставен кадар** | Наставници со поминат курс за обука за обучувачи за ВНОИУ<br>Обучувач со:<br>• Високо образование<br>• Искуство во образование на возрасни и валидација<br>• Педагошко-андрагошки компетенции | | |
| **9.** | **Место на спроведување** | Теоретска настава: училница, опремена просторија | | |
| | | Практична настава: училница, опремена просторија | | |
| **10.** | **Методи и инструменти за оценување** (есеи/писмени работи, проекти, практична работа, презентации, испитни прашања, изведби, портфолија на работа, учење преку работа, завршен испит и др.) | **Групна работа, презентации, дискусии, интервјуа, развојни проекти, писмени задачи, набљудувања**<br>**ОЦЕНУВАЊЕ НА УСПЕШНОСТА**<br>• Теоретска проверка на знаења<br>• Практична задача (портфолио / студија на случај)<br>• Усно интервју или презентација | | |
| **11.** | **Клучни компетенции** | - **Комуникација на мајчин јазик**: компетенцијата се манифестира низ способност да се изразуваат и интерпретираат мисли, чувства, факти и ставови во орална и пишана форма и низ соодветна јазична интеракција со клиенти и соработници при валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ), а во функција на квалитетни услуги.<br>- **Комуникација на странски јазици**: во ситуации кога е потребно да се користи странски јазик, поврзани со работата за валидација на | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ), со клиенти, или за толкување на документи за работа, способен/на е да користи странски јазик на основно ниво.<br>- **Математичка компетенција како и основни компетенции во природните науки, технологиите и инженерството:** применува логичко/нумеричко мислење, практично применува знаења од науката поврзани со работата за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ).<br>- **Дигитална компетенција**: користи дигитална технологија, за електронска комуникација со соработниците и клиентите и за администрирање на работните активности во доменот на ВНОИУ.<br>- **Лична и општествена компетенција и компетенција учење да се учи:** покажува способност и подготвеност да стекнува и обработува ново знаење и вештини за личен професионален напредок и за унапредување на компетенциите за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ),. Покажува истрајност кога учи самостојно, и во тим.<br>- **Граѓанска компетенција:** во секојдневната работа, при контактите со соработници и клиенти, способен/на е да покаже интерперсонална и интеркултурна компетенција да комуницира конструктивно со лица со различно потекло, да покаже толерантност и да развива доверба.<br>- **Претприемништво:** покажува иницијатива да реализира важни идеи со цел да се унапредат стандардите и постапките на услугите за ВНОИУ. Активно придонесува во креирањето на работна култура на поддршка, во која се вреднува иницијативноста и претприемништвото.<br>- **Културна свест и изразување:** го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на другите членови во тимот и ги изразува на соодветен начин, со што всушност се подобрува ефикасноста во нивното работење. |
| **12.** | **Само-евалуација / интерна евалуација (Анекси 3 и 6)** | Самоевалуацијата се спроведува за добивање информации за квалитетот на програмата и нејзините предности и недостатоци. Дали давателот понудил извештај што може да се смета за одраз на силните и слабите |

| | | |
|---|---|---|
| | | страни на програмата со препораки за подобрување на:<br>• Дизајнот и содржината на програмата.<br>• Реализацијата на програмата.<br>• Проценката на учењето.<br>• Поврзани услуги и ресурси.<br>• Остварување на целите и резултатите на програмата. |
| | **Алатки / Методи (прашалници, дискусии, извештаи за имплементираната евалуација)** | |
| | **Временска рамка на само-евалуацијата** | |
| | **Последователни мерки спроведени при последната само-евалуација / Направени измени по последната само-евалуација** | |

**Бр. 13-905/3** **Министерка за образование и наука,**

**22.01.2026 година** **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Скопје**